**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Втора седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 27 април 2018 година**

**Скопје, април 2018 година**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Втората седница**
**на Националниот совет за евроинтеграции,**
**одржана на 27 април 2018 година**

Седницата се одржа во сала Борис Трајковски, во Собранието на Република Македонија, со почеток од 11,40 часот. Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Попоски, претседател на Национален совет за евроинтерграции.

**Никола Попоски:** Добар ден. Би сакал да ви посакам добродојде на Втората седница на Националениот совет за евроинтеграции. Констатирам дека на седницата се присутни доволен број на членови на Советот со право на одлучување со што можеме да продолжиме понатаму.

На оваа седница е поканет претседателот на Владата на Република Македонија, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, кој воедно е и член на Националениот совет за евроинтеграции. Воедно се поканети и делегацијата на Европската унија, амбасадорите на земјите членки на Европската унија, амбасадорите на земјите кои се дел од процесот на проширување и воедно би сакал во ваше и мое име да ги поздравам тука присутните амбасадор на Република Бугарија во Македонија, господинот Иван Великов Петков, кој во име на бугарското претседавање со Европската унија во овој момент ќе ги изложи своите видувања. Потоа ќе имаме чест и да го слушнеме господинот Лукас Холуп шеф на политичкиот оддел на делегацијата на Европската унија во Македонија, за видувањата од аспект на Европската комисија по однос извештајот за целиот регион, за нашата земја посебно и она што би можеле да очекуваме во следниот период. Би сакал да го поздравам и присутвото на членови на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика, Мешовитиот парламентарен комитет на Република Македонија и Европската унија во Собранието на Република Македонија и воедно преставниците од сите институции, невладиниот сектор кои учествуваат или даваат значаен придонес во овој процес на приближување на Република Македонија кон Европската унија.

Би сакал да ве запознаам на дневен ред имаме Извештај на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година.

Дали има некој предлози дополнителни од членовите на Националниот совет за евроинтеграции за дневниот ред?

Да. Има еден предлог.

**Артан Груби**:

Благодарам господине Попоски. Почитуван премиере, почитуван вицепремиер, господине амбасадоре, господине Холуп, почитувани пратеници, почитувани амбасадори, министри,

Мило ми е што сум дел на оваа денешна седница, го поздравувам фактот што и парламентарната опозиција во Собранието се приклучува на големиот празник кој го имаат нашите граѓани за добивање на чиста и безусловена препорака за отпочнување на преговори со Европската унија и на тој начин се организира и оваа седница на Националениот совет за евроинтеграции.

Јас се пријавив процедурално да интервенирам за да побарам сите материјали да ни се предадат и на албански јазик почнувајќи од поканата и сите други материјали и на овој начин ќе докажеме дека ги почитуваме постапките во Собранието на Република Македонија за да ги исполниме сите услови според Деловникот со кој се предвидува одржување на една ваква седница, но секако сите сме заедно за да го дадеме нашиот придонес и опозиција и позиција за добриот тек на оваа седница. Јас ви посакувам успех и ви посакувам сите заклучоци да се донесат со консензус и во духот на заедништвото и заедно и со Комисијата за надворешна политика и Мешовиот Комитет и Комисијата за европски прашања да се обединиме со нашите заложби да имаме заеднички седници, не само во однос на Извештајот за напредокот на Република Македонија, туку за секоја точка од интерес за интеграцијата на Република Македонија во Европската унија. Затоа ви посакувам многу успех и ве поканувам во иднина заедно да постапуваме.

**Никола Попоски:** Благодарам.

Дали некој друг од членовите на Националениот совет за евроинтеграции бара збор?

До колку нема против, предлагам да го усвоиме дневниот ред и да прејдеме на точката во која во прв ред до колку дозволите би го поканил амбасадорот на Република Бугарија да ги изложи неговите видувања за претседавањето, престојниот Самит во Софија и очекувањата од бугарската страна во поглед на идните евроинтеграции во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Великов Петков:**

Благодарам господине Попоски, почитуван претседател на Владата господин Зоран Заев, почитуван господин Бујар Османи, почитувани дами и господа.

Од името на бугарското претседателство на Советот на Европскиот Сојуз изразувам нашето задоволство од на време повлекувањето на пакетот за проширување на Европската комисија и извештаите на напредокот на земјите од регионот. Веќе наведените документи се од клучно значање за претварање на зборовите во дело. Ќе се основа за практична реализација на наведениот од страна на бугарското претседателство приоритет по однос на Западниот Балкан, а имено постигање на конкретни чекори во насока на забрзаната европска интеграција. Тоа што ја определува политиката на проширување на сојузот е принципот на сопствени заслуги. Како амбасадор на Република Бугарија во Скопје го имам задоволството да ја поздравам чистата и безусловна препорака на Европската комисија до Советот за почнување на преговори за присоединување на вашата земја. Вие можете да бидете горди со овој успех кој би бил невозможен, без волјата и заедничките усилби на вашата Влада, Парламентот, институциите и граѓанското општество за остварување на пакетот од итни реформи со цел задржување на владеењето на Законот, демократијата и човековите права и слободи и решавањата на отворените прашањеа со соседите. Ние сме многу задоволни од значењето што има посебно место во овој извештај за добрососедските односи и за високите оцени за договор за пријателство, добрососедство и соработка помеѓу нашите две земји кој беше потпишан на храброста на двајцата премиери Бојко Борисов и Зоран Заев. Во оваа фаза од бугарското претседателство на Советот на Европската унија фокусот е ставен врз подготовката и успешната реализација на средбата на врвот во Софија на 17 мај оваа година. Во рамките на овој форум лидерите од Европската унија ќе разгледаат како да им помогнат на земјите од Западниот Балкан, да ги забрзаат реформите

и да ја подобрат врската со Унијата со конкретни дополнителни иницијативи за подобрување на владеењето на законот, безбедноста, имиграцијата, социјално економскиот развој, транспортната и енергетската поврзаност, дигиталниот дневен ред и немањето понатаму на роаминг и добрососедските односи. Ние сме уверени дека идната средба на лидерите членки и на партнерите од Западниот Балкан во Софија ќе потврди заедничката волја за реализација на европската перспектива на нашиот регион. Врз базата на резултатите од средбата во Софија и овогодишниот извештај на Европската комисија за достигнување на напредокот Бугарија ќе даде проект заклучоци на Советот кој го потврдува значањето на политиката за проширување на Европската унија како клучен инструмент за мир, стабилност, безбедност, просперитет и трансформација на општествата во земјите кои се кандидати и потенцијални кандидати за членство. Заклучоците треба да бидат прифатени од Советот во месец јуни оваа година. Му благодарам на господин Попоски за поканата. Жал ми е што нема да можам долго време да останам со вас. Но треба да патувам на аеродром каде што ќе го дочекам премиерот Бојко Борисов кој ќе учествува попладне на многу важна средба на балканската политичка елита Брдо Бриони. Благодарам многу, ви посакувам успех.

**Никола Попоски:** Во однос на Самиот во Софија во сите земји во регионот вклучително во Македонија, се надевам дека Бугарија ќе може да испорача на сите овие цели кои ги имаме поставено пред нас. Благодарам уште еднаш.

Би сакал да го поканам во име на делегацијата на Европската унија господинот Лукас Холуп да се обрати за видувањата на Комисијата.

**Лукас Холуп:**

Почитувани членови на Собранието, почитуван претседателе и членови на Националениот совет за евроинтеграции, премиере, заменик премиер, амбасадори почитувани членови на дипломатскиот кор, дами и господа.

Прво, дозволете ми да испратам поздрави од амбасадорот Жбогар кој што за жал не можеше да учествува денеска бидејќи го придружува претседателот Туск денес. Можеби би започнал исто така со лична забелешка. Навистина ми преставува задоволство да зборувам тука по посетата на високиот преставник госпоѓата Могерини, комесарот Хан, кои се случија минатата недела, а денеска и претседателот Туск и во вашата земја сум уште од септември 2015 година и ја чувствувам и гледам разликата и мислам дека можеме да кажеме дека разликата ја гледаме и чувствуваме дури и ако се навратиме само една година во минатото. Работата која беше извршена зад неусловената или како што вие велите чистата препорака не треба да се потцени, особено ако ја споредиме ситуацијата со пред една или две години која што беше одбележана со уназадување и одложени реформи. Достигнувањето е на целото општество. Но заслуги треба да се дадат и на оние кои што имаа волја, одлучност за да ги остварат реформите. Со ова не ја пофалуваме работата само на мнозинството во Собранието, туку и на опозицијата. Без нивната посветеност кон европските реформи и овој процес напредокот ќе беше тежок. Лично јас навистина се радувам на соработката на сите вас за идните чекори.

Во моето обраќање би сакал да се обратам последователните информации од Извештајот и препораките од гледна точка на засегнатите страни, во склоп на земјата и посебно како Европската унија и земјите членки го гледаат Извештајот и препораката. Од перспектива на Скопје препораката е многу јасна, за потребата да се одржат и продлабочат

реформите. Гледајќи ги задачите во иднината не треба да седиме мирно и покрај големиот напредок кој што е постигнат, многу останува што треба да се заврши во иднина.

Извештајот за државите од 2018 година нагласува неколку области јасно и експлицитно да споменам неколку. Државната изборна комисија треба да се формира навремено, треба да има мандат и ресурси за спроведување на својата задача на непристрасен, професионален и транспарентен начин, со оглед на зголемување на довербата на јавноста во институцијата и изборниот процес. Овој дом сеуште треба да ја подобри својата изведба како форум за конструктивен политички дијалог и да ја зголеми или подобри својата законодавна функција со ограничување на преголемата употреба на скратени законодавни постапки. Кредибилниот историјат за функционален надзор над работата на Владата како и капацитети за следење на заштитата на човековите права и основните слободи во земјата треба исто така да се подобрат и владините и невладините актери треба да се осигураат дека безбедносните механизми се воспоставени за  да се воспостави соодветна меѓусебна контролата на сите страни.

Во граѓанското општество подобрена законска, финансиска и политичка рамка е потребна за да се воспостави атмосфера која што ќе му овозможува на граѓанското општество да функционира. Силна политичка посветеност, да се гарантира професаионализам на јавната администрација особено за постарите управители и почитување на начелата на транспарентност, заслуги и рамномерна застапеност се и понатаму суштинско значење. Говорејќи на страна од канцеларијата на Специјалното јавно обвинителство други релевантни институции во земјата треба да покажат многу проактивен став кон ефективната борба против корупцијата. Фундаменталните права понатаму се вклучени во законот но проблемот не е во законот. Имплементацијата ќе бара постојани заложби. Компетентните независни регулаторни тела треба и понатаму да се зајакнат со соодветен Буџет и експертски вработени. Функционалната независност на овие тела мора да се гарантира во пракса. Исто така, повеќе треба да се стори за да се подобри ефективноста на спроведувањето на законот во борбата против одредени видови на криминал не само корупција. Туку и фокус треба да се стави на перењето пари и финансиските криминални дејства. Дами и господа, да се осврнеме на гледната точка на Европската унија и нејзините земји членки, би сакал да покренам едно прашање пред вас кое го прашуваат луѓето во Европската унија.  А, сметам дека Националниот совет може да биде соодветна Комисија на ова. Кој е вашиот придонес, на вашата земја кон ЕУ како идна земја членка? Ова не е лесна тема, но тема која навистина важна за Европските граѓани од кои некои или многу ќе гласаат на референдум за вашето идно пристапување кон ЕУ. Ова веројатно е прашањето, прашање кое што не треба да се одговори брзо и може да бара сериозна дискусија. Исто така, можеби ќе сакате да продолжите да дебатирате за тоа што лежи во интеграцијата за вашите сопствени граѓани. Какви придобивки тие би имале? Да, има силна поддршка денес низ сите етнички заедници и сите религиски заедници за Европска интеграција на земјата. Но, ова не треба да го земете здраво за готово. А, ниту од страна не го земаме ова здраво за готово. Важно е да се дискутира со граѓаните каде тие се замислуваат ако не во ЕУ, а да бидат дел од нешто што е глобално, а да уживаат да бидат локални. Каде би можеле да уживате во нови искуства а да го задржите својот идентитет? Каде на друго место би можеле да бидете слободни и да се чувствувате заштитено, да ги негувате своите традиции и да ги прифатите иновациите. За мене одговорот е јасен. Тоа место е Европската унија. Дами и господа, фокусирајќи се на Европска институции и земјите

членки и она што тие го гледаат во следните месеци е тоа како реформските закони на ЕУ се спроведуваат во пракса. И, каков вид на промени во однесувањето ќе донесат во општеството? Како владеењето на правото ќе преовладува? Како основните слободи ќе се почитуваат? Како слободата на изразување и медиумите ќе се осигураат? Како независните институции и регулаторни тела ќе добијат простор и не зависност кои што им се потребни за да ги изведуваат своите должности? Како отпуштањето и назначувањето на јавни или државни институции ќе се одвива? Како надзорот на извршната власт ќе се спроведува тука во Собранието од вас самите? И, како јавните финансии ќе се контролираат? И, овие се неколку од прашањата кои што колегите во Брисел и во сите главни градови ќе се фокусираат. А, овие не се лесни прашања, но потребно е сериозно, постојано да им се посветува внимание бидејќи пораката која што потекнува од стратегијата на Западен Балкан и извештаите за државите е дека Европска интеграција, процесот на Европска интеграција не е техничка вежба за штиклирање на полиња. Не е само за планови и мапи на исцртан пат, се работи за прифаќање, споделување и промовирање на Европски вредности или на друг начин кажано, како основните вредности на почит на владеењето на правото, основните човекови права и слободи, доброто владеење се прифатени во на еден одржлив и систематски начин од целото ваше општество. Да заклучам, дозволете ми да ги искористам зборовите на амбасадорот Жбогар: Стратегијата е јасна дека Европската унија ќе стане посилна пред да стане поголема. Сметаме на верувањето и посветеноста на секој граѓанин кон една Европа што нуди повеќе. Демократска Европа, Европа на споделени вредности и солидарност која што ќе ни помогне да ја одржиме Европа силна. Ви благодарам.

**Никола Попоски:**

Ви благодарам господине Холуп за споделувањата, видувањата од страна на Европската комисија, би сакал во името на Владата да го поканам претседателот на Владата на Република Македонија господинот Зоран Заев да се обрати. Повелете.

**Зоран Заев:**

Почитуван претседател на Националниот совет за Европски интеграции, господине Попоски, почитувани пратеници, денеска овде присутни, почитувани амбасадори, претставници на амбасадите, почитувани членови на Националниот совет за Европски интеграции, почитувани претставници на граѓанските организации, институции, професори, градоначалници присутни, почитувани претставници на медиумите. Почитувани граѓани, не собра овде денеска еден убав повод, настан на кој се горди сите граѓани на Република Македонија. Не собра чистата препорака за почеток на преговорите со Европската унија. Во извештајот за напредокот на Република Македонија на Европската комисија. За сите нас, за граѓаните на нашата земја, за Владата на Република Македонија, за Собранието на нашата држава, за сите останати највисоки државни институции и поединци. Оваа препорака ни стигна како потврда за постигнатото и како силен мотив за следната тешка но достижна цел. Одлука за почеток на преговорите на Македонија за членство во Европската унија, на Советот на министри во Јуни. Тоа е нашата следна цел. Подготвени сме за тој нов чекор напред, верувам сите заедно. Ова е многу важна заедничка констатација која ја делиме сите ние ако имаме предвид каде бевме на овој ден пред точно една година. Мнозинската волја на граѓаните застанати за определбата на едно современо општество за сите. Ја донесе

одлуката за Демократска и Европска Република Македонија и за промена на стагнацијата со поактивни политики, кон реформи, пријателства што придвижуваат напред. Цврсто сме определени да спроведеме одржливи решенија низ суштинските реформи во сите области. Опфатени во планот 3 6 9. Владата на Република Македонија уште поенергично ќе ги води реформските и политичките процеси во следните 2 месеци. Нашата намера е во јуни Република Македонија да добие датум за почеток на преговорите со Европската унија. Врз основа на извештајот на Европската комисија ги утврдуваме следните итни реформски процеси, во нов план за реформска динамика до крајот на 2018 година. Ова му го соопштив и на претседателот на Европскиот совет, господинот Туск утрово. За ова се запознаени високата претставничка за безбедносна и надворешна политика на Европската унија и потпретседателка на Европската комисија Фредерика Могерини. Беше информиран и Комесарот Јоханес Хан, на редовна линија на соработка за овие планови за нашата иднина е и претседателот на Европската комисија Жан Клод Јункер. Врвот на Европската унија во последните 10 месеци и особено во последните 4 месеци беше постојано покрај нас. Во поддршка и асистенција на земјата партнер во нашите напори за обнова на демократските вредности. За вредностите што ги делиме сите ние заедно. Извештајот на Европската комисија ги вреднува сите наши досегашни заложби и отпочнати процеси за темелни реформи и инклузивни политики, како одлики на една демократски ориентирана држава. Во изминатите два извештаи на Европската комисија заради длабоката политичка криза, назадувањето со реформите и констатацијата за заробена држава, препораката за почетокот на преговорите беше суспендирана и условена. Условена беше со обезбедување демократски амбиент и демократски реформи согласно очекувањата на граѓаните, согласно договореното во Пржино и согласно препораките на групата предводена од РАИНХАРТ ПРИБЕ. Оваа година, препораката е чиста и безусловна, сега ни претстојат чекорите кои треба да ги изодиме до портата на Европската унија. Никогаш не сме биле поблиску и нема да отстапиме ни педа во овој процес. Сите знаеме и зошто, затоа што членството во Европската унија и во НАТО значи и подобра бизнис клима и повеќе инвестиции и повисоки плати и подобар живот.

Во овие изминати 10 месеци не пропуштав прилика да ја повикам опозицијата да биде дел од овој процес, никој не очекува бланко одобрување. Но, активно учество во институциите во организираните политички процеси и постапки создава аргумент за судир на политичките аргументи и за усовршување на политиките и политичките иницијативи што треба да ги превземаме и да ги спроведеме. На крајот граѓаните на оваа земја ќе го запаметат и тоа. И, во оваа прилика сакам да се заблагодарам на сите граѓани, на граѓанскиот сектор, на сите политички субјекти во државата, за свесноста и одговорноста што сите ние заедно ја покажавме. Низ конструктивните политики на Владата и низ соработката со сите засегнати страни и со широката политичка поддршка и вклученост на опозицијата посебно во процесите. Што е исто така вредно да се посочи. Донесовме веќе важни законски решенија, согласно успешните Европски практики, за независно судство, професионални разузнавачки служби, ефикасна јавна администрација, во создавањето на амбиент за работа на медиумите и овозможувачката средина за кредибилно изборно законодавство. И, сега упатувам отворена и искрена порака и покана да продолжиме заедно со опозицијата, со поддршката на критичното мислење на граѓанскиот сектор, да работиме и заедно да ги носиме одлуките и за сите други стратешки и граѓански државни и национални интереси. Тука мислам и на обезбедувањето широк граѓански државен консензус во тешкото

прашање на решавањето на спорот со Грација. Заеднички да се фокусираме кон достоинствени решенија за сите исто така и билатерални прашања. Почитувани, со досегашните напори и остварувања успеавме да ја убедиме Европската комисија дека заслужуваме почеток на пред пристапните преговори. Со целата наша енергија знаење, искуство, интензивна работа и политичка волја, сега ни останува на сите нас, заедно да ги убедиме државите членки на Европската унија дека заслужуваме почеток на преговори за членство во Европската унија. Благодарам.

**Никола Попоски:**
Благодариме на претседателот на Владата на Република Македонија. Би го поканил заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за Европски интеграции, господинот Бујар Османи. Повелете.

**Бујар Османи:**
Почитуван претседател на Владата Зоран Заев, почитуван господине Попоски, почитувани екселенции, почитувани пратеници, почитувани присутни. На почеток дозволете ми да ви честитам за организацијата на овој Совет, Националниот совет за Евро интеграции каде што не случајно се води од претставник од опозицијата со цел да испрати порака дека проектот на интеграцијата на земјата во Европската унија не е задолженост или одговорност само на Владата или само на едната Влада но е проект и волја апсолутна волја на мнозинството на граѓаните на Република Македонија. Од над 80% од граѓаните на Република Македонија. Значи, ова не е условено со партиските граници но е проширен во сите спектри на државата и ова ни доли на сите политички партии на државата без разлика дали сме позиција или опозиција, дали сме за да бидеме посветени за реализација на волјата на граѓаните на Република Македонија. Уште од почеток реков дека Владата нема да има ексклузивност во овој процес, дека овој процес е процес кој што бара посветеност и нашите заложби ќе ги поделиме заедно со опозицијата. Затоа би сакал да ви посакам на овој Национален совет каде што една платформа каде што ги соединуваат сите во еден значителен проект се става во функција и како таков ќе остане и понатаму. Кога почна, кога ја почнавме оваа работа со новата Влада со премиерот Заев имавме една посета во Брисел, првата посета и се сеќавам со госпоѓа Могерини имавме не формален договор. Значи, вие треба да реализирате и ние ќе го држиме зборот. Значи, ние пред вас на крајот на годината и како Влада и како општество тука опфаќајќи ги сите работи од опозицијата и од цивилниот сектор, ние реализиравме и одржавме нашиот збор, но го држеше зборот и Европската унија и ни даде најпозитивен извештај за почеток на преговорите. Овде не се запира со овој процес туку ова е само едно ниво на овој процес, тука почнува вистинската работа за да ги убедиме земјите членки на Европската унија дека Македонија освен што прави реформи во легислативата и ги менува буквите во законите но го менува и духот и функционирање на државата, на Европска држава, на крај краишта тоа што го рече господинот Лукас, процесот на интеграција не е технички процес. Само исполнување на критериумите туку е трансформација на општеството во духот на Европските вредности. Извештајот сакав да кажам неколку збора, што се однесува до извештајот бидејќи под еден, значи имаме период 16-сет месечен период и има еден период од претходната Влада овдека немам идеја за да направам некоја поделба или да правам специфики која што покрива еден специфичен период од кризата и изминување на 12-сет месечен период и

спецификата на овој извештај е освен прогресот во извештајниот период од последниот извештај ни дава и подготвеност на земјите кон Европската унија. Значи, овдека имаме едно разграничување каде државата во политичките критериуми, економските критериуми или Европската легислатива или Акито на Европската унија. Значи, ова е добра можност, освен тоа што ни кажува што имаме направено во минатата година но ни дава и споредби со државите кои претендираат да станат земја членка на Европската унија а не ние да се покажеме дека ние сме подобри или некој е послаб од нас но точно да знаеме каде сме. Во таа анализа, компаративна анализа што се однесува до прогресот, Македонија е прва во регионот преку политичките критериуми кој што се постигнати во изминатата година каде што е резултат на ова што ни даде, кој што беше и од планот 3 6 9 не беше само план само за пристап, ова беше план за стабилизација. Беше план каде што Македонија требаше од тоа што се викаше од ситуација на ургентност да се трансформира во нормални услови за пристап на Европската унија.

Мислам дека ние ја постигнавме целта и дека Македонија не е во таа фаза за приоритет, но се враќа на нормалниот план за усогласеност на легислативата со Европската Унија. Мислам дека е еден многу значаен момент за земјата. Знаеме дека планот го реализиравме над 90%, но тоа што го велам секогаш, реализиравме 100% од тоа што беше суштина, ја вративме земјата на евроатланскиот план. Тоа што се однесува за подготвеноста за и економските критериуми, Македонија е прва во регионот во исполнување на економските критериуми за пристап во Европската Унија. На политичките критериуми ги делиме прво или второ место со Црна гора, тоа што се однесува со усогласеноста со легислативата. Овдека нема да дадам пофалби за Владата, туку ова покажува дека Македонија освен тоа што нема отворено ниту едно поглавје, но постигна да биде на исто ниво пред некои држави кои што ја отворија 30 поглавја. Ова што се однесува на self-exercise, за да ги исполниме овие стандарди, значи ова го направивме непрекинато, не само оваа Влада, туку и претходните влади, бидејќи ние сметавме дека трансформацијата не го правиме поради Европската Унија туку поради потребата на граѓаните за да живеат во европско општество.

Како што реков, работата не завршува тука, туку најдобар начин за да се заврши овој процес би бил почетокот на преговорите. Ова би била најздрава рамка за државата и ние нема да го очекуваме овој момент, ние идните денови ќе имаме планот 2018 година каде што по медиумите се нарекува Планот 18 кој што го покрива периодот април - декември што се однесува до динамиката на реформите. Ние треба да се фокусираме на законите кои што веќе се донесени и со продолжување на реформите. Тоа што се однесува до судството, јавната администрација, борбата против организираниот криминал, тероризмот и учеството на медиумите, улогата на медиумите итн., ние нема да имаме запирање, ние ќе продолжиме и со посилна динамика и за заклучување на политичките реформи и ќе ги убедиме дека Македонија и со факти е подготвена за почеток на преговорите и е единствена земја каде што немаме проблеми со границите. Македонија е пример за целиот регион каде што рефлектира позитивно како начин како ќе функционира една држава и оваа инвестиција, значи овој успех е инвестиција освен внатрешниот фактор е и меѓународниот фактор. Ние сето тоа што го постигнавме е инвестиција на меѓународната заедница и ние ќе треба да дозволиме дека овој позитивен тек ќе се промовира како таков пред регионот и пред Европа.

Ова е наша должност во интерес на идните генерации на регионот. Исто така во јуни ќеземеме дата за преговорите, Република Македонија веќе почна да се подготвува за екипите на преговорите кои што ќе учествуваат. Благодарам.

**Никола Попоски:**

Благодарам на вицепремиерот Бујар Османи.

Би сакал ја да се обратам како претседател на Националниот совет.

Почитувани присутни, добро е што денес се состануваме во овој состав каде што се застапени и власта и опозицијата и невладиниот сектор и сите оние кои во минатото придонесоа за евроинтеграциите и се надеваме дека во иднината уште повеќе ќе можат да придонесат.

Да не заборавиме на почетокот што не собра денес тука. Јас нема да се согласам со премиерот дека тоа е препораката за преговори. Зошто? Затоа што таа порака за преговори многу години наназад требало, треба и мислам дека и во иднина ќе треба да не собира. Она што треба навистина да не обединува е интересот на граѓаните и само тој ќе не води на правилниот пат кон интегрирање во Европската Унија. Имаме една голема предност, покрај многуте препреки кои ги изодевме на патот кон интегрирање во Европската Унија од потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во дамнешната 2001 година до стекнување на кандидатскиот статус во 2005 година. Првата препорака за почеток на преговори во 2009 година и се она што следуваше до денешната осма, чинам, препорака за почнување на преговори. И денес можеме да констатираме дека Македонија е еден многу искусен кандидат. Искуството не има научено што не оди кон резултати, но исто така може да не научи и што во иднина може да не води кон резултати. И од тие поуки кои ги имаме извлечено како искусни кандидати за членство во Европската Унија, мислам дека можеби првата е искреноста. Треба да бидеме искрени. Јас ја користам оваа говорница за најискрен и најотворен начин да упатам пораки до Владата, затоа што мислам дека нашиот успех ќе зависи не само од тоа колку ќе праќаме добри пораки кон јавноста и на нашите пријатели во Брисел или нашите лобисти во земјите членки на Европската Унија, туку колку ќе испорачаме на крајот на денот она што не сме успеале да го испорачаме во изминатите години. Одлуката за тоа дали ќе почнеме преговори е политичка и мислам дека многу малку зависи од било кој од нас тука, бидејќи на крајот на денот треба да бидат убедени 28 земји членки и нивните даночни обврзници да сметаат дека водењето преговори со Македонија е нешто добро за нив или во најмала рака не е штетно.

Но, нашата оценка за тоа што треба да правиме во овие преговори е да ги земеме листовите од претходните препораки и да кажеме - да не се трудиме многу само да ги повториме работите кои од нас ги очекуваат, туку да почнеме и да ги правиме. Под број еден, Оваа Влада како и било која влада во минатото имала јасна и недвосмислена препорака, бидејќи сме искусен кандидат, да прекинеме со печатење на закони и да се посветиме искрено, чесно и целосно на примена на тие закони. Тоа го вели Европската Комисија, го велат земјите членки. Уште побитно од тоа, го констатираат нашите граѓани. Кога разговарате вие низ Македонија со граѓаните, ви велат, супер, изгласавте закон ваков и ваков. Луѓе, различни стандарди се применуваат тука и во Германија. Немојте да кажувате дека сте смениле нешто, доколку немате примена.

Премиере, посветете се на примената и ние сигурно ќе имаме многу подобар Извештај во иднина и ќе можеме да кажеме дека нешто сме сработиле и не сме ги повторувале грешките.

Втората работа. Кога говориме за дијалог, тоа многу пати сме го научиле бидејќи ни велат: треба да разговарате, да имате дијалог, сите да се вклучени и така натаму, се чини дека многу сакаме да се преправаме дека имаме дијалог. Најчесто да ги договараме работите надвор од транспарентен процес во Собранието на Република Македонија или во тела кои ги вклучуваат сите, туку да спакуваме текст и да го презентираме дека е резултат на некаков транспарентен процес. Дијалогот, доколку сакаме навистина да вроди резултати, после толку години кандидатски статус, мора да биде отворен, мора да биде вклучителен за сите  мора да биде не толку далеку од очите на јавноста. Само така ќе загарантираме долгорочни резултати. И тука имаме основа да бидеме загрижени бидејќи методологијата која се применува во изминатиот период е повеќе да печатиме закони, помалку да имаме отворени и конструктивни дебати во однос на нив, а уште помалку да се грижиме околу тоа кој и како ќе ги применува.

Третата работа која мислам дека, исто така треба искрено да си ја кажеме ако сакаме да ја смениме матрицата од изминатите години, е дека ни треба подготвеност за објективна критика. Тоа ни е потребно. И таа подготвеност за објективна критика треба да го надвладее владиниот рефлекс за славење и прославување. Убаво е да се веселиме, добро е да играме чочеци некогаш и да организираме свадбени настани во Собранието на Република Македонија, сето тоа е во ред, дел од нашиот дух и култура, но многу побитно од тоа е да се насочиме и да видиме во Извештајот што е критички напишано за да го подобриме. Ако не сме подготвени за објективна критика, подобро да не славиме. Конечно, јас би рекол, не треба да слушате што кажува опозицијата, уште помалку треба да верувате на Владата, а единствен фактор кој треба да го послушаме е можеби препораката на Могерини дека славење повеќе од пола ден не е добро. Не е добро не само за вашето здравјето, туку не е добро и за реформите кои граѓаните ги очекуваат од нас.

Затоа дајте да ја искористиме оваа можност, наместо за уште едно прославување, за вртење на една нова страница посветена на примена на вистински дијалог и конечно да прифатиме објективна критичност кога некој нешто ни кажува и навистина гледаме дека не чини.

Опозицијата има своја улога во ова. Јас никогаш не сум присталица на тоа да имаме критика само заради критика. Таа критика мора да биде објективна, мора да биде издржана, и пред се, треба да нуди решенија. Значи ние носиме одговорност да нудиме решенија кои во некои ситуации ќе бидат подобри од оние на Владата, а Владата ќе мора тоа да го согледа критички. Позитивните работи во оваа наша околност е дека ние навистина сме на еден меден месец со Европската Унија. Имаме добар вординг, убаво се оценува политичката клима и јас не би ја потценил во таа политичка клима улогата која ја имаше опозицијата, бидејќи денес опозицијата не можете да ја обвините за било кој неуспех или неиспорачан резултат на Владата. Уште побитно од тоа, опозицијата на никој начин не можете да ја обвините за слаби економски резултати. А знаете, политичка нестабилност се одразува на слаби економски резултати. И доаѓате до еден парадокс во кој некоја друга опозиција во минатото имала деструктивни дејства, а економијата растела, а денес имате опозиција која не дава никаков изговор за политичка нестабилност, а имате слаби економски перформанси. И тоа е моментот на вистина, кога како владејачка гарнитура треба да се

погледнете во огледало и да кажете, одличен е Извештајот, се е супер, каде ни се резултатите 11 месеци.

Добро е што сме на овој меден месец, исто така, поради фактот што нашата Влада несебично дели ветувања. Но, мораме да бидеме внимателни дека тоа има рок на траење. И после долги ветувања и тие надвор, уште повеќе тие дома, ќе очекуваат да испорачаме и некакви резултати. Ние дома имаме поинакво искуство од тие ветувања како што спомнав претходно, но, позитивниот аспект ако можеме да го гледаме е дека надвор, и во Брисел, и во главните градови на Европската Унија ги гледаат позитивните зборови во Извештајот и тоа ни дава на некој начин ветер во грб. Помалку изговори има за нивните даночни обврзници да речат не сакаме Македонија да отпочне тој процес на преговори. Во една работа сигурно се согласуваме, а тоа е дека како ќе одиме понатаму зависи од процесите кои ќе ги поттикнеме и многу зависи од луѓето кои ќе бидат искрено, повторувам искрено инволвирани во нив.

Околу дијагнозата, јас би се согласил со премиерот дека во Владата денес имате луѓе кои не знаат, имате луѓе кои не работат, имате луѓе кои ниту знаат ниту работат. Има, можеби добар изговор ќе биде дека имало некогаш исто така, но тоа не ни ги решава проблемите за утре. Ако е таа дијагнозата, мислам дека првиот чекор кој би требало да го направи Владата е да види како да раскрсти со тоа. И ова е одговорност на Владата единствено. Одговорност на опозицијата е да продолжи да не создава изговори за било каков неуспех, бидејќи конечно, ако ние навистина отпочнеме преговори, успехот ќе биде за сите, ќе го почувствуваат граѓаните можеби малку, можеби на краток рок, многу повеќе ќе го почувствуваат од примената на законите, но врз основа на тој позитивен ветер во грб, мислам дека никој не смее да го компромитира успехот кој би го очекувале македонските граѓани.

Конечно, ние имаме вистински разлики околу тоа како ги гледаме работите. Тие разлики постојат. Ако некој цени дека не треба да ги споделуваме заради некаков мир во куќа, јас не би се согласил со тоа. Мислам дека најискрено и најотворено треба да ги споделуваме и да ги санираме. Власта е посветена да продолжи со ветување и да креира очекувања. Опозицијата треба да биде посветена на помагање на позитивен процес на воведување на европски стандарди, но конечно, ние мораме да внимаваме на тоа што е интерес на нашите граѓани. Ова е малку изгубено од целата слика и ставувам дека ако продолжиме по тој пат за некое време ќе почнеме да правиме, да водиме преговори само заради водење на преговори.

Би завршил на една позитивна нота, а тоа е фактот што оваа препорака денес има определена димензија на автоматизам. Европската комисија, би рекол интелигентно, има драфтирано извештај во кој вели, да, препорака и ви најавуваме дека во следниот период ќе продолжиме или ќе го реализираме скринингот на Поглавјата 23 и 24, нешто со години наназад се обидуваше да го направи и го имавме во некаква форма во рамки на Пристапниот дијалог на високо ниво. Тогаш заради политички калкулации не го искористивме многу добро и мое видување е дека тогашната опозиција не помогна во реализација на тие цели, но денес не сме тука за лоцирање на вина, тука сме за гледање кон иднината. Не смее да ни се повтори истото во услови на автоматизам за водење на преговори по клучните поглавја, да не го искористиме тој бран за една искрена трансформација на најбитните елементи за создавање на вистинско европско општество во Македонија. Ако за нешто се согласување во Република Македонија, а би требало да имаме

барем една до две работи, тоа е дека во секој случај  сите ќе ни биде подобро доколку ги примениме европските стандарди во нашето живеење. Благодарам.

Следна пријавена за говор е Лидија Димова од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Повелете.

**Лидија Димова:**

Благодарам. Добар ден на сите, би рекла почитувачи и верувачи на тоа дека на Македонија местото и е во Европската Унија.

Прво би сакала да си честитаме сите за позитивниот Извештај кој што го добивме и нема да навлегувам во анализа на она што е во Извештајот, а е надвор од доменот на она што јас го работам. Јас сум директор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Тоа значи дека мојата сфера на работа е образованието. Многу сум благодарна што претставникот од Делегацијата на Европската Комисија спомена дека евроинтеграциите не претставуваат само штиклирање на квадратчињата, туку реално е процес во кој што се менува општеството. Промената започнува токму во образованието. Има еден многу познат цитат, вели: ако треба одново да ја градиме Европа, треба да почнеме од образованието. И ова го кажува Жан Моне. Човек кој што реално ја стави големата тула долу врз која што основа понатаму се изгради Европската Унија. Зошто сакам да зборувам и зошто се јавив? Мислам дека треба да се предочат неколку работи. Извештајот е една приказна. Втора приказна се вика Стратегијата за проширување на Европската Унија. Недвосмислено таму стои дека ќе се удвојат средствата во Еразмус. Меѓутоа многу треба да се сме внимателни што значи удвојување на средствата од Еразмус. Моментално на ниво на Европската Унија се зборува за удвојување на средства за идната Еразмус од 21, 27, значи за 2021- 2027, каде што најмалку ќе се удвојат средствата. Тоа значи дека ќе биде минимум 30 милијарди евра, а веќе се зборува и за 90 милијарди евра, затоа што се покажа дека Еразмус програмата има многу добра практика. Колку ќе биде износот се уште не знаеме, меѓутоа она што знаеме е дека регулативата ќе биде донесена, се надеваме до крајот на мај месец, односно за времетраење на овој Европски парламент.

Е сега, зошто ова сега е битно, битно е затоа што удвојувањето на средствата во стратегијата за кои што се потенцира дека ќе се удвојат средствата на Еразмус за нели регионот, не доаѓа од истото чекмеџе од каде што доаѓаат овие пари. Затоа што не може во Европската унија без да помине во Парламент, туку овие удвоени средства за кои што зборува Европската комисија во својата стратегија доаѓаат од таканаречениот хединг четири или од external aid, значи од надворешната помош, со други зборови тоа ќе бидат средствата кои што ние не сме ги искористиле друг пат значи во текот на сите овие години и сега ги рециклираме повторно во регионот. Ние како програмска држава тука можеме многу да направиме меѓутоа бара од нас благовремено да се престроиме. Згора на тоа сакам да потсетам дека Србија наскоро ќе стане програмска држава исто така и за разлика од некои други држави убедена сум дека капацитетот на Србија морам да констатирам со жалење дека е малку поголем отколку нашиот и дека може да се ставиме во ситуација кога од вчера влезена држава како програмска држава во делот на Еразмус да апсорбира многу повеќе средства отколку што ние практично треба тоа да го направиме. И затоа сега сум малку критична меѓутоа и со апел кон премиерот и кон власта, Владата тука, сите претставници да ги направиме сите возможни напори што можеме да ги дадеме за да можеме да ги апсорбираме овие средства поуспешно и да направиме многу повеќе. Ние како Агенција

работиме, она што кај нас се критикуваше во годишните извештаи на Европската комисија што ги добива Националната агенција, една од критиките беше тоа дека Агенцијата е практично невидлива, значи во делот на алтрич ја нема. Се обидуваме тоа да го смениме, учествуваме во носењето на новите закони, убедена сум дека со Законот за високо образование дека ќе направиме придонес затоа што веќе се предвидува како да го зголемиме приливот на странски студенти или на европски студенти кои што ќе доаѓаат во Македонија. Сега го отворивме исто така и законот за средно образование, за основно образование каде што сме повикани да бидеме дел од работната група за да можеме да вклучиме она што  во суштина преставува Еразмус и исто така Законот за млади каде што исто така ќе бидеме составен дел, значи во тој дел на градење на политика веќе е променет начинот на кој што функционира националната заедница, сега треба само да измислиме механизми и нови начини за како многу поуспешно да ги апсорбираме средствата кои што Европската комисија ќе ги насочи кон регионот. Ви благодарам и се надевам дека ќе имаме поддршка.

**Никола Попоски:** Ви благодарам.
Артан Груби, претседател на Комисија за европски прашања, повелете.

**Артан Груби:** Благодарам.
На почетокот не говорев, но ќе говорам сега. Коректноста да се врати со коректност Никола, од процедурален аспект тие што го познаваат Деловникот на Собранието и на Националниот совет знаат дека материјалите треба да се достават пет дена претходно и тоа и на албански јазик. Оваа седница треба да биде заедничка со сите работни тела во Собранието  на Република Македонија кои ја засегаат оваа работа и ова е прв пат во историјата на ова Собрание да се организира ваква седница. Од 2002 до 2018 значи вклучително и минатата година при што се организираше една ваква седница вклучителна и од 2007 кога се основа советот до 2011 кога почнаа заедничките седници, затоа подавањето рака за соработка треба да се врати со подавање рака за коректност, а не со ниски удари или сопки. Внимателно го слушав колегата Попоски и дојдов до констатација дека рече ние сме добри кандидати, јас дојдов до констатацијата дека реално господинот Попоски бил склон да биде секогаш добар за опозиција и кога бил во Владата бил најдобар да биде во опозиција и ние сме погрешиле реално затоа што сме ја лишиле опозицијата од еден добар од толку добар добро благо за доброто на целото општество Албанци, Македонци, Бошњаци и други. И мило ми е сега во улога на опозиција ги знае сите недоследности што сме ги имале некои можеби заедно и даваме придонес за да ги подобриме тие, но добри во опозицијата треба да бидеме многу долго во опозиција затоа што ќе бидат полезни во опозиција одошто во позиција. Затоа што кога сте во опозиција работите не ни одат многу добро, во интерес на времето затоа што беа долги претходните говорници јас ќе се повлечам од збор и сакам да слушнам претставниците на граѓанскиот сектор, да ги слушнеме.
Ви благодарам.

**Никола Попоски:** Ви благодариме.
Следен пријавен е Мартин Милошевски од Националниот младински совет на Македонија.

**Мартин Милошевски:** Благодарам за поканата на втората седница на Националниот совет за евроинтеграции.

Јас ќе бидам поконкретен и би сакал да се осврнам на оние точки кои во извештајот се однесуваат за младите односно младинските организации поконкретно во најголем дел од извештајот во поглавје 26 образование и култура и поглавје 19 социјала и вработување, беа оние делови поврзани за младите и младинските организации, но она што сакам да го напоменам од аспект на како младинските организации во Македонија со своето делување учествуваат или применуваат европски практики и европски начини на креирање на младински политики. Самиот извештај на Европската комисија ја нотира гаранцијата за млади како определена политика која се применува во Македонија така да Република Македонија започна со применување на гаранција за млади односно пилот фаза за имплементација од април 2018 година каде што Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување и Националниот младински совет на Македонија во наредниот период, во три општини во Македонија ќе извршат активности и ќе изработат начини и методологии за зголемување на вработливоста и услугите кои ги нуди АВРМ за младите луѓе.

Дополнително што сакам да напоменам е уште еден процес кој се случува на европско ниво, меѓутоа Република Македонија исто така односно преку младинските организации е вклучена, тоа е процес на структурен дијалог. Веќе шести циклус при претседавањето со Европската унија триото претседателство организира циклус на консултации помеѓу младите и носителите на одлуки на ниво на Европската унија каде што секогаш се канат и државите од Западен Балкан и источното партнерство. Оваа година со поддршка на Националната агенција за европски програми, образовни програми, мобилност реализиравме консултативни средби и процеси односно изработивме еден извештај и мислење на младите луѓе од Македонија за барањата на овој циклус на структурен дијалог. Овој циклус беше многу битен бидејќи ги дава основите за новата младинска стратегија на Европската унија која ќе се донесе во 2019 година и она што беше да кажеме посочено е дека Република Македонија беше пофалена на последната конференција која беше во Софија од 16 до 18 април. Во однос на другите држави од Западен Балкан како и државите на источното партнерство дека својот инпут бил доволно добар и дека младите луѓе од Македонија имаа можност директно да учествуваат во давање на препораки за идните текови на Стратегијата за млади на Европската унија.

Дополнително во однос на друга практика која моментално ја применуваме е тоа дека ние сме една од ретките држави да не речам единствена на Западен Балкан која ќе формира и е во процес на формирање на co-menagement тело за споделено носење на одлуки помеѓу млади и институции така да во следниот период постои работна група која ќе изработи модел кој ќе биде претставен и тој модел би требало да започне да се реализира од наредната година и последно нешто што е поврзано со извештајот на Европската комисија, а е конкретно битно е можеби нема доволно афирмација на младинските работи, но ние моментално сме единствената држава од Западен Балкан кој има неформален клуб за младински прашања и политики односно во да кажеме во соработка или во, доколку се споредиме со другите држави на нивото на младински политики имаме неколку значајни чекори понапред и сметам дека ние на национално ниво треба да си даваме поголема афирмација на процесите кои ја доближуваат Македонија до Европската унија, меѓутоа како главен елемент се наоѓаат младинските организации и претпоставувам дека сите

институции и сите други делови од општеството треба да добијат до знаење дека само преку заедничко делување на сите засегнати страни може да се случуваат промени односно дека може заеднички да постигнеме определен напредок.

Ви благодарам.

**Никола Попоски:** Благодариме.

Следен јавен за збор е Насер Селмани од Здружението на новинари на Македонија, повелете.

**Насер Селмани:** Благодарам.

Господин заменик министер Османи, екселенции, драги колеги кои ги нема овде.

Задоволен сум што Македонија од Европската унија доби препорака за започнување на преговори за членство. Препораката е доказ дека нашите сојузници знаат да препознаат и да го ценат нашиот напредок во исполнување на условите за членство. Од друга страна мора да сме свесни дека најтешкиот дел од нашата работа допрва претстојува. Дозволете ми накратко во името на Здружението на новинари да ги презентирам нашите оценки за Извештајот на Европската комисија во делот на слобода на изразување. Сите сме согласни дека има напредок во споредба со претходната година. Измените во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беа изготвени во консултација со сите засегнати страни, владините реклами се укинати, а новинарите послободно известуваат за злоупотреби на власта. Но од друга страна мора да бидеме искрени дека се уште сме далеку од сериозна реформа во медиумите која прво треба да се случува во свеста на секој од нас како новинари, политичари и сопственици на медиумите. Ние сме благодарни што Европската комисија ја споделува нашата загриженост како ЗНМ за проблемите што ги засегаат медиумите и новинарите, а кои треба да ги решаваме заеднички во наредниот период. Најзначајна порака што ни ја испрати Европската унија преку овој извештај е нулта толеранција кон физичките и вербалните напади на новинари. Во слободни и демократски земји нема место за тепање и за заплашување на новинари. А кога тоа сепак ќе дојде институциите мора да имаат капацитет да водат ефикасни истраги за откривање и казнување на насилниците. Нападите нема да престанат се додека не изградиме ефикасен институционален механизам за превенција и казнување на насилството. Ние реално работиме заедно со Министерство за внатрешни работи и со Јавното обвинителство да ја сузбиеме политиката на неказнивост. Има подобрување во постапувањето на полицијата за нападите што се случија во претходната година меѓутоа имаме сериозен проблем во расветлувањето на старите напади. Полицијата мора да најде начин повторно да ги отвори постапките, а во случаи каде нема целосни досиеја мора да покрене постапка за утврдување и одговорност за лицата што ги уништиле доказите. Исто така МВР мора да смогне сили, да стави крај на лажната солидарност која постои меѓу припадниците на полицијата кои ги заштитуваат нивните колеги што во минатото напаѓаа новинари на протести. Ако полицијата нема сила да се справува со престапниците во нејзините редови тогаш како може да очекуваме дека ефикасно ќе се бори против негативните појави во други области во општеството. Во прашање се доведува довербата на јавноста во полицијата, задоволни сме што Европската унија во извештајот големо внимание посветува и на потребата за реформирање на Македонската радио телевизија. Ние сме заеднички, ние заеднички веруваме дека без реформа на МРТ нема да имаме ниту сериозна и одржлива реформа во

медиумскиот систем. Ние сме загрижени што новиот систем за финансирање на јавниот сервис не ја обезбедува, институционална е и уредувачка независност. Не може да се зајакнат капацитетите на МРТ со помалку пари. Ако се усвојат измените за АВМУ јавниот сервис оваа година ќе има 5 милиони евра помалку од претходната. Нашата дилема е како со помалку пари јавниот сервис ќе треба да отвори уште два телевизиски канали и еден радио канал со 24 часа програма. Како со вработени со просечна возраст од 58 години и недоволно обучени треба да произведат поквалитетна програма за граѓаните. Како без нов креативен и обучен кадар МРТ треба да почне да произведе медиумски контент за он лајн платформите. Да развие дописничка мрежа која ја нема, да ги сервисира огромните долгови, да ги зголеми платите на новинарите кои во просек се околу 300 евра. Ако годинава МРТ не стартува со ист буџет барем од буџетот од 2016 година нејзината мисија ќе биде невозможна. Прашањето не треба да биде дали Владата има пари за зајакнување на капацитетите на МРТ туку дали има сериозна политичка волја да изградиме силен, независен и професионален јавен сервис кој ќе работи во интерес на граѓаните. Појавата на говорот на омраза во јавниот дискус е трето важно прашање што се нотира во Европскиот извештај. За жал во Македонија постои политика на неказнивост на говорот на омраза. Ние како ЗНМ не само што сме предупредувале постојано за оваа негативна појава во општеството туку и сме поднесувале иницијативи пред Јавното основно обвинителство да ги гонат лицата што шират говор на омраза. Се сеќавате како еден директор на театар на својот фејсбук профил тврдеше дека без око да му трепне може да убие новинар. Но, Обвинителството уште нема покренато истрага за случајот. Оправдувањето е дека не можат да ја најдат адресата на човекот. Друг поранешен директор на јавна институција повикуваше на линч против новинарите соросоиди како во времето на Ќосето. Ваквиот говор е штетен и треба да се казни. Како наследен проблем на македонскиот медиумски систем евидентиран во Извештајот на Европската унија кој во иднина сериозно треба да се адресира е дослухот меѓу сопствениците на медиумите и политичарите кој потоа се пренесува и на уредниците. Погрешно е да се мисли дека со укинување на владините реклами се укинуваат сите коруптивни врски меѓу политиката и медиумите. Демонтирањето на заробената држава не треба да ги одминува и медиумите. Транспарентноста на Владата и на јавните институции е подобрена, Владата објавува доста информации он лајн и одржува редовни брифинзи и прес конференции. Меѓутоа за жал ваквата практика не се применува од сите министри, ние, има министри и владини функционери кои ги бојкотираат критичните медиуми. Владата мора да најде сила да ја смени ваквата недемократска практика на одредени нејзини функционери, затоа што бојкотирањето на новинари значи дека тие одбиваат да бидат отчетни пред граѓаните. Очекуваме од Владата да им испрати јасна порака на овие функционери дека ако не сакаат да комуницираат со медиумите треба да ги напуштат функциите. На крај сакам да го поздравам активното учество на опозицијата во медиумските реформи кои треба да се спроведат со најширок можен консензус во Собранието. Сакам да Ве замолам да се вклучите конструктивно и искрено во амандманската расправа за Законот за АВМУ и да помогнете да се изберат најдобрите кандидати во органите на Македонската радио телевизија и медиумскиот регулатор. Консензусот меѓу власта и опозицијата за медиумските реформи ќе биде тест за зрелоста на македонската парламентарна демократија да спроведува сериозни реформи во општеството.
Ви благодарам на вниманието.

**Никола Попоски:** Ви благодариме.

Следен пријавен е доктор професор Тања Каракамишева од Правниот факултет, повелете.

**Тања Каракамишева:** Почитуван претседателе, почитувани претставници од извршната власт, почитувани екселенции, дами и господа.

Најнапред дозволете ми да му заблагорадам на претседателот на Националениот совет за евроинтеграции што еве за прв пат добив покана и ме покани да бидам дел од јавната расправа, дебата во врска со Извештајот на Европската комисија пред овој Национален совет за евроинтеграции. Еве, за прв пат и покрај тоа што сум професор по Уставно право на Европската унија, но по Уставно право на Република Македонија за прв пат добив можност да зборувам за Извештајот на Европската комисија во овој дом.

Моето излагање во врска со Извештајот ќе биде фокусирано на политичките критериуми сосема нормално затоа што сум професор по Уставно право и најдобро ги разбирам политичките критериуми. Секако нема да се осврнувам на економските состојби во државата. Ќе нотирам неколку клучни недостатоци што не се содржани во Извештајот, а кои мораа да бидат внатре заради вистината.

Република Македонија заслужува да добие еден многу поконкретен, еден многу пообјективен и еден по ненавивачки извештај од она што го имаме денес. Република Македонија заслужи од Европската комисија да добие Извештај каде што ќе бидат детектирани сите слабости на нашиот систем и сите слабости на нашето политичко живеење затоа што мислам дека ако ги премолчуваме проблемите, ако ги ставаме под тепих тоа нема да биде добро ниту за граѓаните на Република Македонија, ниту за Европската унија.

Првото прашање од мене до преставниците на Европската унија е зошто токму овој Извештај го преставија најпомпезен во делот на нотираните успеси, кога токму овој извештај во повеќе од половина од поглавјата резултираа со незадоволително ниво на напредок или пак со мал констатиран напредок. Зошто Европската комисија токму сега пројави желба да го набилда овој Извештај со позитивна енергија која реално не соодвестува со работата на терен и зошто токму сега розевите очила на Европската комисија ги видоа вака розеви состојбите во Република Македонија. Дали можеби тоа е поврзано со прашањето за името.

Граѓаните кои живеат во Република Македонија независно од нивната партиска, политичка, етничка или друга припадност секојдневно не прашуваат нас добро каде се тие вистински реформи, како ние не можеме да ги почувствуваме. Како може да се наведени такви вистински реформи во извештаите, а ние да не почувствуваме ништо позитивно на терен. Дали овој Извештај на крајот од денот е извештај за граѓаните на Република Македонија или за некој друг. Граѓаните за жал не можат да видат, да почувствуваат ништо од нашите политички, правни или некои други успеси, а најмалку економски. Во овој контекст навистина би побарала објаснување од преставниците на Европската комисија зошто во делот што се однесува на Собранието на Република Македонија нема ниту еден единствен збор за нелегалниот, неуставниот, неделовничкиот избор на Талат Џафери за претседател на Собранието на Република Македонија. Тоа се случи токму на овој ден пред една година. Зошто нема ниту една буква за прекршувањата на над 20 члена од Деловникот на Собранието на Република Македонија на над 4-5 члена од Законот за Собрание и две уставни одредби. За жал, ниту еден збор за правниот и процедуралниот хаос кој го направи оваа власт која што сега се кити дека има позитивен и најкристално чист извештај од

Европската комисија, хаос кој што ние го видовме, сите граѓани на Република Македонија го видоа, а беше преточен преку политичкото насилство кое што ни се случуваше на таа кобна седница на 27 април 2017 година. Наместо да зборуваме за владеењето на правото, ние за жал ги затскриваме основните фактори, елементи, субјекти кои учествуваа во кршење, најфлагрантно кршење на владеењето на правото во Република Македонија и тоа политичко насилство за жал, не е нотирано со ниту една буква во овој Извештај. Мене ми е јасно ако беше нотирано политичкото насилство ќе имаме негативно, немаме да имаме напредок во политичките критериуми, нема да има напредок во владеењето на правото. Но, Европската унија не смееше да си дозволи да се стави во позиција да промовира селективно владеење на правото во земјата најмалку затоа што такво селективно владеење не се применува во ниту една земја членка на Европската унија. Европската унија најмалку што можеше да направи е да излезе со конкретна осуда на политичкото насилство кое што го направија пратениците на сегашната власт, исто како што со конкретна осуда го осудија физичкото насилство кое што се случи тој ден. Преставниците на Европската унија точно знаат дека крешењето на Уставот, кршењето на Деловникот, на законите во Република Македонија нема да ја донесе Република Македонија на повисоко скалило од развојот на правна држава или на повисоко скалило од развојот на владеењето на правото во државата, туку напротив ќе не стави во групата на држави кои што негуваат политички волантиразам кои што негуваат политички хаос и кои што едноставно почитуваат непримена на правото и на Уставот пред се. Владеење на правото е еден од најважните принципи во сите земји членки на Европската унија, вклучително и во сите европски институции. Јас сакам да видам владеење на право во Македонија такво какво што има во земјите членки на Европската унија. Не сакам розови очила. Сакам да се применува правото така како што се применува во сите без исклучок земји членки на Европската унија. Тогаш ќе кажам одлично, благодарам што навистина ни дадовте позитивна препорака. Оваа позитивна препорака ја заслуживме. Но со прикривање или со ставање на работите под тепих тоа не е добро, не е добро за нас, не е добро за нас како држава. Ние нема да направиме политичка култура, нема да изградиме правна култура ако не знаеме што е лошо, што е прекршување на Устав, што е прекршување на Деловник и ако не го нотираме и ако не го осудиме таквиот момент од страна на сите без разлика на етничката припадност. И покрај комплетното замижување во однос на нелегалната процедура за избор на претседател на Собрание, интересно е што извештајот сепак наведува дека промената на власта била одложена поради одбивање на претседателот Иванов од политички и од легалистички причини да му даде мандат да формира Влада на лидерот на СДСМ кој имаше подршка од мнозинството во Собранието. Извештајот во оваа смисла содржини еден многу опасен спин и една опасна манипулација што може да се забележи во вордингот на извештајот кој не смееше да биде дозволен да се стави на хартија, а тоа е дека на 27 април затоа што бил избран првиот албански етнички претседател на Собранието биле предизвикани насилни напади од страна на демонстрантите пред Собранието. Поврзувањето на првиот етнички албански претседател на Собрание со насилни напади во Собрание или ставање етнички предзнак на настаните што се случија во Собранието е невистина која мора да се промени затоа што настаните од 27 април не беа етнички мотивирани, можеби некој сакаше, ама не беа, реакцијата на граѓаните дојде заради прекршувањето на Уставот, на Деловникот и на Законот за Собрание, само заради тоа. Ако Европската комисија навистина сака да биде објективна во Извештајот треба да нотира дека поради флагратно прекршување на Деловникот, Уставот и

Законот на Собрание од страна на пратениците на актуелната власт се случи и влезот во Собранието, како и подоцна непосакуваното од никого физичко насилтво. Неуставната и неделовничката акција на пратениците од власта ја предизвика реакцијата на демонстрантите и тоа мора да биде нотирано така, а не да се става етнички предзнак. Знам дека ако вака се нотираа работите во Извештајот Европската комисија ќе требаше да побара политичка и кривична одговорност за пратениците кои влегоа го исценираа и го направија политичкото насилство поради нормално флагратна повреда на владеењето на правото. Но тоа е објективната реалност, тоа е објективната вистина. Апропо настаните од 27 април интересно е што во Извештајот нема ниту збор за незаконското приведување на пратениците од опозицијата, без претходно да биде симнат нивниот имунитет. Јас го слушам министерот за полиција, за внатрешни работи како сака да се вади со разликата што се прави меѓу приведување и притвор. Но белким министерот знае дека приведувањето не е за да отидеш на журка или да играш чочек во тунел, туку заради притвор. Така да ваквото небулозно, неповрзување или сакање да се одвои приведување со притвор и дека тоа не го опфаќало процедуралниот имунитет на пратеникот мислам дека само има дополнителна цел да не се почитуваат Уставот и Законите во Република Македонија. Само уште две констатации.

Исто така, најтешката квалификација терористичко загрозување на уставниот поредок ја добија лица што пееја македонска химна во Собранието и надвор, 70 дена надвор по улиците во Скопје и во другите градови на Република Македонија. За тероризам се обвинети и се води постапка за лица кои се патриоти кои не учествуваа во физичкото насилство кое се случи во Собранието и кои воопшто не беа насилни во ниту еден момент. Само да не заборавиме дека немаше никаква осуда за пеење на албанска химна во Собранието на Република Македонија од страна на еден пратеник.

Интересно е како во делот на реформите на судството нема некаква реакција или барем укажување од страна Европската комисија дека премиерот Заев, штета што не е тука не може да раководи со Советот за реформи во правосудството. Не може затоа што тоа е директно кршење на начелото на поделба на власта директно силување на уставните начела на самостојност и независност на судството. Не може судии да бидат ставени под директива на премиер. Тоа е недозволиво. Не може судии да седат во Советот и да го слушаат премиерот како послушни кучиња. Тоа е недозволиво, тоа го нема никаде, ниту во Словачка, ниту во Германија, ниту во Чешка, ниту во Словенија, никаде. Затоа требаше Извештајот да каже дека премиерот треба да се тргне од таа позиција до колку сме објективни реални и сакаме навистина да има напредок во Република Македонија.

Исто така интересно е што во Извештајот нема ниту збор за кршењето на деловничката процедура при носењето на Законот за употребата на јазиците од страна на Талат Џафери и Артан Груби. Значи ниту збор за злоупотребата на европското знаменце за политички цели што беше констатирано од неколку амбасадори во Македонија од страна на Европската унија. Но за жал тоа го нема во Извештајот, нема ниту збор за директната дискриминација што овој закон би ја правел до колку во иднина се употреби или стапи на сила против сите оние други малцински заедници во државата и јасно е Законот за употреба на јазиците е дискриминаторен. Тој е дискриминаторен во однос на сите етнички заедници, други етнички заедници кои што живеат во Република Македонија и е спротивен на амандманот 5, спротивен на Охридскиот рамковен договор, конкретно точка 6, анекс Б, точка 8 која прецизно го дефинира опсегот на примената на Законот за јазиците и за да не должам

има уште многу, но зборуваме за фундаментални права. Зборуваме за заштита на тие фундаментални права. тоа е многу убаво. Јас сум прва да се заштитуваат човековите слободи и права. На Македонија и е потребна држава, на Македонија и се потребни институции кои што максимално ќе бидат посветени на заштитата на човековите права, но потребно е во меѓународниот систем исто така да се почитуваат фундаменталните права на сите и на секого без разлика од која држава доаѓаат  и без разлика на каква етничка припадност припаѓаат. За жал основното право на секој Македонец да се нарекува Македонец и така како што се чувствува никој не го штити во оваа држава.

Се водат тајни преговори за промена на нашето државно име. Никој не е информиран до каде се тие преговори. Претседателот на Републиката нема абер, опозицијата не е вклучена. Ексклузивното право за водење на преговори го има министерот за надворешни работи и Владата.

Исто така во таа смисла се крши Уставот, се кршат законите, се крши се што може да биде наша позитивна идеја за  некакво приклучување кон Европската унија и НАТО. Никој во Европската унија и НАТО не прима држави кои не го почитуваат правото. Оттука интересно е што не само што не се почитува домашното право, не се почитува ни меѓународното право. Само треба да се знае дека државното име и идентитетот на секоја една нација се јус когенс одредби и категории во меѓународното право. Тоа значи дека тоа се фундаментални принципи кои никој не смее да ги менува. Никој не може да ни каже дали нашето име ќе биде Република Македонија или не, никој не може да ни каже дали нашиот идентитет ќе биде македонски или не, никој тоа право го нема. Ако сакаме да зборуваме вистински за почитување на меѓународното право. Оттука ќе завршам никој, вклучително и Европската унија и НАТО нема право да ни става дополнителни услови за зачленување или за започнување на преговори. Тие дополнителни услови ако важат за сите, нека важат и за Република Македонија. Благодарам.

**Никола Попоски:** Благодарам.

Милева Ѓуровска од Европското движење во Република Македонија, повелете.

**Милева Ѓуровска:** Макар што  сум и јас професорка на Универзитетот Кирил и Методиј ќе бидам многу кратка, ветувам.

Уште на самиот почеток секако да ги поздравам претседателот на Национален совет за евроинтеграции и секако преставникот на делегацијата на Европската унија во Република Македонија.

Јас сега овде би сакала многу кусо да споделам определени искуства кои што ние го имавме во рамките на работењето на Националната конвенција за Европската унија во Република Македонија. Многу од присутните кои што ги гледам овде се веќе инволвирани во работењето на Националната конвенција и веќе знаат за што станува збор. Меѓутоа за оние кои што не знаат кусо ќе речам дека станува збор за една широка граѓанска платформа која што се обидува да изгради еден многу специфичен дијалог каде што ќе се дискутираат прашања за Европската унија, меѓутоа на еден поинаков начин, поинаков начин во смисла на карактерот на самиот дијалог кој што треба да биде инклузивен и толерантен, а од друга страна и многу стручен. Можам да забележам дека и од оваа дискусија денес која што ние ја водиме дека дискусијата за Европската унија сеуште се на многу општо, на многу дегенерално ниво. Ние сеуште дискутираме со еден дискус каде што не навлегуваме во

специфичната проблематика која што е многу важна. Токму во Националната конвенција се обидуваме да вклучиме чинители од различни сфери на општественото живеење.

Еве поконкретно за да ме слушате, бидејќи дискусијата е при крајот. Ние во рамките на Националната конвенција веќе дискутиравме за 4 теми многу битни витални за функционирањето на нашето општество, тоа беа темите од Поглавјето 11, кое што кореспондира со нашата група еден и овде имаме еден претставник тука. И, во него дискутиравме за начините како ќе се искористи подобро, ќе се искористат подобро ИПАРД фондовите во Република Македонија. Односно, стануваше збор за ИПРАД и ние тука имавме чинители од разни области. Значи, од претставници на Министерството за земјоделство, претставници на граѓанските здруженија, па потоа имавме претставници на определени задруги на социјални претпријатија и.т.н имавме една прекрасна дискусија која што ни даде можност да дискутираме прекрасни препораки кои што можат да бидат многу употребливи, конкретни, јасни и многу стручни. Потоа разговаравме исто така за социјалната политика односно за пазарот на трудот во Република Македонија и како да се обезбеди инклузија на работните групи во рамките на пазарот, инклузија на ризичните групи на пазарот на трудот и имаме навистина 17 добри препораки кои што произлегоа од Националната конвенција и тие може да ги видите на веб страната на Националната конвенција за Европската унија. Потоа, имавме една прекрасна дискусија за судството во Република Македонија. Судии, обвинители, претставници на граѓанските здруженија и.т.н кој што отворено дискутираа, стручно дискутираа, истакнувајќи дека ние во Македонија имаме навистина многу закони, имаме најмногу, ефикасни сме како што беше истакнато и ова го поддржувам дека имаме легислатива, имаме национални акциони планови, имаме стратегии, што уште не на овој план. Имаме брзо на хартии, имаме брзо на документи но, меѓутоа наша задача во иднина е да направиме како тие ќе се реализираат во практиката. И, тоа овде го дискутираат, се дискутираше на еден многу стручен начин. И, четвртото мислам исто така од Поглавје 24 имавме навистина многу плодна дискусија каде што на отворен начин без прикривање, без никаков страв, сосема отворено се дискутираа проблемите кој што ние ги имаме и тоа овде во рамките во оваа истата сала. Затоа, ми се чини сега кога зборувам дека како салата ми е позната, бевме овде долго време можеби еден цел месец, секоја недела имавме дискусии. Така да јас повикувам на учество значи да ја збогатиме дебатата во рамките на Националната конвенција за Европска унија во која што се разбира понатаму ќе бидат дискутирани исто така оние забелешки кој што ги има дадено Европската унија, во рамките на овој извештај. Затоа, и не го спомнав на самиот почеток како тема која што беше за овој дневен ред меѓутоа, навистина сите оние што сакаат да дискутираат за забелешките и за нешто повеќе од тоа, зошто ние навистина имаме уште многу работа на патот до европските интеграции, не чека една многу сериозна работа, се надевам дека во рамките на Националната конвенција ние ќе одработиме еден значителен дел од сето ова што останува да се работи. Во врска со извештајот ќе речам дека ние имавме до сега, многу мислам ги славевме на некој начин ги поздравувавме сите извештаи до сега, бидејќи сите беа на некој начин позитивни со сите забелешки кој што тие кој што тој ги исфрлаше како и овој впрочем на истиот начин. Меѓутоа во овој има малку повеќе ентузијазам од колку во претходните, дава значи дава една поинаква перспектива. Јас би кажала во рамките на Европското движење во Република Македонија уште во периодот на 2016 година ние со Декларации во рамките на Меѓународното Европско движење во Брисел, на сите наши собранија кои што се одржуваа двапати годишно апелиравме за поголема инволвираност на

Европската унија во регионот, во евроинтеграциските процеси во регионот. И, последната Декларација беше во ноември 2016 година, кога Европските движења од регионот Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора секако и Хрватска ја поддржаа оваа иницијатива. Искрено се надевам дека овој зголемен интерес на Европската унија за нашата држава и за и по повод, овој извештај особено покажува дека го подржува, го внесува во ентузијазам, да не заборавиме дека Европската унија беше создадена и таа ќе функционира и понатаму на база на ентузијазмот на државите членки. Ви благодарам многу, се надевам дека не беше предолго.

**Никола Попоски:**

Ви благодарам. Следна е Савка Тодоровска од Националниот совет за родова рамноправност. Повелете.

**Савка Тодоровска:**

Најнапред да ви честитам на трпението наспрема сите овие што си отидоа, благодарам, и во интерес на тоа јас ќе споменам само две нешта во однос на извештајот. Првото на целосната содржина, која што за нас, бидејќи јас доаѓам од Националниот совет за родова рамноправност, тоа всушност се правата на жените во интерес на сите структури и подобрување на статусот. А, во тој контекст очекувањата наши од она што всушност го дава овој извештај и погледот кон подобрување на состојбата, е намалување на сиромаштијата кај жените. Тоа се нашите очекувања и затоа го подржуваме и работиме во процесот на вклучување на сите норми на сето ова. Втората работа, во интерес на времето оти не сакам како другите да кажам ќе бидам кратка туку јас вистински тоа ќе го направам, во интерес на тоа што тие не беа. Значи, втората работа само во две точки во целиот извештај се споменати родовите прашања. Не дека не се доволно, односно дека не е така, напротив нашата држава има со многу уште позитивни случувања да се споменат во извештајот. Во интерес на трпението ваше во колку има место за да се надополни, стојам на тоа, затоа што и во името на платформата за родови прашања сум претставничка на Националниот совет. Значи, можеме тоа писмено да го доставиме. Ви благодарам на вниманието.

**Никола Попоски:**

Ви благодарам. Ивана Туфегџиќ потпретседател на Националниот совет евронтеграции. Повелете.

**Ивана Туфегџиќ:**

Благодарам претседателе. Не мислев да зборувам бидејќи овој совет всушност ги имаше како гости и претседателот на Владата и вицепремиерот за европски прашања и она што беше целта денешна е да претставниците на граѓанското општество ги кажат своите видувања и препораки по однос на извештајот на Европската унија. Меѓутоа, за жал или за среќа тоа го правиме токму на овој датум, на 27-ми април. Лани не можевме да дебатираме на овој датум бидејќи граѓаните кои влегоа во Собранието не беа расположени за дебата, меѓутоа морам да констатирам дека и покрај консензусот кој што го има власта и опозицијата по однос на евроинтеграциите по однос на реформите, Никола Попоски, претседателот на почетокот спомна во интерес на граѓаните, и така е, ние сите создаваме одредени, одреден консензус во интерес на граѓаните. Бидејќи ова не го правиме за ЕУ туку го правиме за

граѓаните на Република Македонија. Бидејќи тие тоа го бараат од нас, тие бараат институции, сервис на граѓаните, тие бараат владение на право, тие бараат независно и непристрасно судство, тие бараат пристап до правдата, тие бараат слободни и независни медиуми кои ќе им ја даваат информацијата, а не пропагандата. Тие бараат подобро образование, тие бараат подобра социјала. Точно, ние како, јас сум дел од мнозинството, имаме поголема одговорност да го обезбедиме тоа, бидејќи имаме мандат за тоа. Меѓутоа, не е помала одговорноста и на опозицијата. Меѓутоа, наша суштинската одговорност е за тоа како ќе функционира Собранието? Дали ќе обезбедиме консензус со опозицијата по однос на реформите? И, овој извештај покажува дека постои созревање на политичката сцена, меѓутоа за жал се уште не следат духовите од минатото. И, тоа не е толку чудно и не е ни толку страшно бидејќи помина само една година и по две интензивни или три години интензивни на политичка криза која во извештајот е карактеризирана како најтешката криза по 2001 година. И, не е воопшто чудно што после година дена зборуваме сите баш на овој ден, малку по емотивно по однос на овие прашања, меѓутоа она што е многу важно е да покажеме и тука, кога велам покажеме не мислам само на политичарите, сите кои излегуваме во медиуми. Почнувајќи од граѓанското општество, па професорите, па новинарите самите, па ние, ние први сме на листата меѓутоа бидејќи сме често, сме на медиуми имаме одговорност за тоа што го говориме во јавниот простор. Мислам дека тоа е најголемата лекција која треба да ја научиме од 27-ми април. Ширењето говор на омраза, потсетувањето на ширењето на стравови, демони, не помага кон тоа да ги сопреме луѓено, млади луѓе кои што сега од мај ќе почнат да одат на аеродром. Како и да се вика аеродромот. И, тоа нема да ни ја спаси нацијата, ни извештајот на Европската унија нема да ни ги врати луѓето од аеродром. Меѓутоа, она што ќе ни ги врати луѓето од аеродром е ако видат дека конечно сме седнале да разговараме едни со други и да креираме една нормална политичка клима во која што примат имаат тие. Бидејќи, 27-ми април се случи без разлика кој со каква вистина живее. Се случи како продукт на говорот кој се продуцира во онаа сала, и ако погледнете во делот Поглавје образование ќе видите дека е спомната само стратегијата за образование. Ако почне да се набројува колку насилство има денеска во образовните институции, во школите, тоа е продукт повторно на нашиот говор. Затоа што, ги затрувме  луѓето со омраза и единствен пат за тоа да престане е правдата. Правдата за тоа што ни се случи нас овде во овој дом,  претходно и кога велам ни се случи не мислам само на тие со крвавите глави, на моите колеги, не мислам само на новинарите, не мислам само на камерманите, не мислам на службениците кои беа на работа тој ден тука, мислам на граѓаните на Република Македонија. Затоа што граѓаните на Република Македонија доживеаа таков страшен ден и, година дена подоцна можеме да зборуваме многу, колку стигнале напред, колку сме ја научиле лекцијата. Меѓутоа, ако не ја научиме лекцијата следниот 27-ми ќе биде многу пострашен од првиот. И, тоа се нешта за кој што ние имаме одговорност, јас како најмлада во овој состав имам одговорност пред мојата генерација ама имам одговорност и пред генерациите и пред и после неа. Таква одговорност имаат сите мои колеги, граѓанското општество, професорите, експертите, новинарите, секој пред својата генерација, меѓутоа и генерацијата која остава после него. Ви благодарам.

**Никола Попоски:**

Благодарам за последниот говорник. За крај би споделил дека подготвени беа предлог заклучоци кои ги имаат членовите на Националниот совет за евроинтеграции. Дали

има против усвојување на заклучоците? Немаме кворум во моментот. Немаме кворум, значи дополнително ќе треба да бидат усвоени заклучоците. Доколку нема други предлози, би сакал на сите да ви се заблагодарам и се надевам во рамките на овој Форум ќе имаме продуктивни дебати, кои ќе ни помогнат малку повеќе да се посветиме на резултатите. Малку повеќе, малку помалку да дискутираме само за текстови. Благодарам уште еднаш. До гледање.

Седницата заврши во 13.28 часот.